Konrad Adenauer Stiftung

ЗНМ

# НОВИНАРСКИ ПРИРАЧНИК ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРИ

## Етички и правни аспекти

Второ дополнето издание



# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
Новинарски прирачник за следење на избори
Етички и правни аспекти

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Здружение на новинари на Македонија

**Автори:**
Насер Селмани
Ердем Ахмет

**Координација:**
Давор Пашоски
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Драган Секуловски
Здружение на новинари на Македонија

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
600 примероци

**Фотографии:**
Архива на ЗНМ

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
http://www.kas.de/mazedonien/mk/
http://znm.org.mk/

**Напомена:**
Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и Здружението на новинари на Македонија, туку се лични гледишта на авторите.

# СОДРЖИНА:

Медиумите играат три клучни улоги на изборите 5

Новинарската етика и изборите 7

Изборни нерегуларности 10

Покривање на избори во млади демократии 11

Испитување на јавно мислење 15

Јавниот сервис и изборите 16

Повелба за етичко известување на изборите 18

Кодекс на Меѓународната федерација
на новинарите 21

Кодексот на новинарите и изборите 24

Меѓународна правна рамка за слободата
на изразување 30

Меѓународна правна рамка за изборите 31

Македонска правна рамка за медиумско
следење на избори 33

Медиумско претставување 34

Обврски на медиумите и новинарите 36

Изборен молк 43

Испитување на јавно мислење 44

Мониторинг на приватните медиуми 45

Правила кои важат само за парламентарните
избори 2016 47







*„Предизвикот за објективноста, непристрасноста и балансот во новинарството е нешто со што новинарите се соочуваат секојдневно, но не постои поголем тест за професионалноста од оној кој се наметнува за време на жестоки политички избори. Изборите, исто така, претставуваат тест за политичката заложба за демократија. Тоа е период кога импулсот да се манипулира со медиумите и да се контролираат информациите е најсилен меѓу партиите на власт, како и од страна на политичките лидери кои се кандидираат за членови на кабинетите“.*

**Ајдан Вајт,**
**поранешен генерален секретар на**
**Меѓународната федерација на новинари**

# МЕДИУМИТЕ ИГРААТ ТРИ КЛУЧНИ УЛОГИ НА ИЗБОРИТЕ

## 1. Медиумите обезбедуваат информации за изборите на граѓаните

Бидејќи свеста на луѓето за изборите во голема мера зависи од содржините пласирани во медиумите, новинарите мора да известуваат со факти и непристрасно за платформите и кампањите на сите вклучени политички партии и кандидати, за да може гласачот да прави разлика помеѓу нив и да носи одлуки кои се донесени врз основа на кредибилни информации. Медиумите, исто така, мора да обезбедат толкување и анализа за настани и прашања, преку создавање простор за различни мислења на голем број колумнисти и коментатори. Друга важна задача вклучува пренесување на информации од изборната комисија за да ги едуцираат граѓаните за основните факти и за процесот на избори, за правата и обврските на гласачите, како да се регистрираат како гласачи, каде да гласаат, како да се обезбеди тајност на гласањето, кои се кандидатите од нивната изборна единица итн.

## 2. Функцијата на медиумите на „куче чувар“ во име на јавноста

Медиумите имаат задача да известуваат за какво било прекршување на правата на кандидатите или избирачите (вклучително и на правото за слобода на говор), корупцијата во изборниот процес и во процесот на гласање, прекршоци направени од страна на политичките партии и пропустите на изборните органи.

## 3. Медиумите треба да бидат глас на гласачите

Изборите не се само за политичарите. Тие се особена можност за обичните луѓе да проговорат и да ги идентификуваат проблемите кои тие сметаат дека се важни. Новинарите мора да излезат меѓу луѓето и да обезбедат форум за обичните гласачи кои сакаат нешто да кажат, особено оние кои се двоумат, се игнорираат, па дури и се спречуваат да го искажат своето мислење.





# НОВИНАРСКАТА ЕТИКА И ИЗБОРИТЕ

Покривањето на изборите е битен дел од слободата на изразување. Како што изборите треба да бидат целосно слободни и демократски, такво треба да биде и нивното покривање. Селективното или пристрасното покривање на изборите е анатема за демократијата.

За вистинска слобода на изразување медиумите мора да бидат целосно слободни. Покривањето на изборите не подразбира само известување за изборната кампања и собири.

Преку покривање на изборите новинарот станува гласник за сите мислења, вклучувајќи ги и оние кои промовираат демократија, до оние кои се нејзини непријатели. Во изборните кампањи секогаш ќе се најдат две страни. Новинарите не смеат да ја прекршуваат професионалната етика со искривување на фактите, пренагласување на одредени аспекти на приказната, наслови кои погрешно ја прикажуваат содржината на веста и, се разбира, целосно фабрикување на вести, цитати, луѓе и настани.

Од друга страна, тие треба на чесен начин да ги обезбедуваат информациите и мислењата. Мора да се избегне известување без да се проверат фактите, дури и ако информациите се објавени на друг медиум. Неоснованите обвинувања и навредливи говори не се невообичаени за време на изборните кампањи и затоа новинарите не треба да ги објават без да се овозможи на другата страна да ги коментира или да даде соодветен одговор. Само со одговорно новинарство може да им се овозможи на добро информираните гласачи слободно да одлучуваат. Непристрасноста и балансот се важни аспекти на новинарската одговорност. Не секогаш е можно да се направи секоја вест да биде еднакво избалансирана, но непристрасноста и балансот меѓу конкурентните партии и кандидати може да се постигне преку поголем број вести кои ќе бидат објавени или емитувани за време на целиот изборен период. Професионални новинари не треба да бидат наклонети на ниеден кандидат. Нивната задача е да поставуваат прашања во име на гласачите, да ги споредуваат одговорите, да презентираат различни мислења и да дадат информација за заднината на настанот за јавноста да биде свесна за контекстот на веста. Со тоа тие ќе дадат можност на гласачите да разберат чии ставови и мислења најмногу имаат смисла за нив.

Точноста е уште еден важен аспект на новинарската одговорност. Веста треба да биде точна, не само

од аспект што ќе се запишат имињата на луѓето, местата како што треба и ќе се биде сигурен дека описите и цитатите се точни, туку, исто така, со ставање на информациите во одреден контекст и со давање акцент на важни настани и теми. Луѓето ја губат довербата во медиумите кога ќе увидат дека не можат да се потпрат на точноста на веста која ја добиваат. Новинарите не се единствените кои треба да бидат свесни за важноста на одговорното новинарство. Уредниците играат важна улога во обликувањето на медиумските содржини и треба да се стремат да обезбедат точност, непристрасност и избалансираност во покривање на изборите.



## ИЗБОРНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ

Еден од најважните моменти на изборите е нивото на чесност и транспарентност. Дури и кога изборите често се набљудувани од страна на претставници на политички партии, изборни или меѓународни набљудувачки тимови, новинарите сами треба да се обидат да го откријат степенот на проблеми кои влијаат врз квалитетот на изборниот процес.












# ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРИ ВО МЛАДИ ДЕМОКРАТИИ

Уредникот на угледниот кениски весник „The Nation", Џон Лоренс, изработил детален документ со упатства за новинарите како да следат изборни кампањи во нови демократии во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.

Еве некои од препораките на уредникот Лоренс:

- Известувајте за настаните точно онака како што тие се случувале, а не како што вие сакате да се случат. Ова значи дека треба да бидете непристрасни во секој поглед.
- Давајте еднакви можности за истакнување на сите главни кандидати. Ова значи посетување еднаков број средби на кандидатите.
- Бидете внимателни да не ги обоите вашите извештаи со предизвикувачки јазик.
- Известувајте за она што го велат кандидатите, а не за она што велат заинтересираните страни дека го рекле кандидатите.

- Бидете внимателни да не бидете оценети дека заземате страна во политичките расправии.
- Немојте (во какви било околности) да прифатите понуда од кандидат или негови/нејзини следбеници. Немојте дури ни да се возите во автомобил на политичар.
- Немојте да му ветувате на некој политичар (или кој било друг што е засегнат) дека во весник ќе се појави негов извештај или сторија.
- Известувајте за она што го гледате без претерување.
- Немојте да се служите со претерување кога опишувате сцени со толпа народ.
- Вежбајте фер игра. Доколку кандидатот обвинува негов опонент, побарајте коментар од опонентот.

Треба да ги слушате:

**ВЕТУВАЊАТА:** Тие вообичаено се дел од платформата на партијата: горди ветувања за поставување системи за наводнување, градење автопатишта, намалување на таксите за образование, или тоа може да бидат интересни мали вести за селаните: „Гласајте за мене и јас ќе ви дадам десет грла добиток“. „Гласајте за мене и ниту едно дете

во областа нема да биде босо". „Гласајте за мене и вашите стомаци секогаш ќе бидат полни". Затоа мора да бидете внимателни.

**УПАЃАЧИТЕ:** Упаѓачи, луѓе кои сакаат да го прекинуваат зборот на средби со нивните наметнувања, можат да предизвикаат насилство или потсмев. Бидете претпазливи во однос на хумористичките испади. Можете да бидете цитирани во истиот контекст.

**НЕОЧЕКУВАНОТО:** На јавните средби честопати се случуваат неочекувани работи и затоа мора да се биде внимателен во однос на тоа.

**КОНТРАДИКЦИИ:** Бидете подготвени за ненадејно скршнување од правецот на веќе подготвениот говор, особено од контрадикторни изјави или базичните испади од подготвената платформа. Не потпирајте се само на испечатениот текст. Ќе ви биде потребна моќ за проникливо набљудување. Ќе биде потребно да го проценувате расположението за време на средбата. Дали е тензично, слободно, весело? Погледнете наоколу и набљудувајте ги изразите на лицата. Дали има некои кои прават проблеми?

**ТОЛПА НАРОД:** Колку е голема публиката? Важна вештина е прецизно да се определи големината на толпата. Но мудро би било да се цитираат различни извори: вашите, од полицијата, на организаторите.

**КОНФРОНТАЦИИ:** Во една транзитна политичка атмосфера може да се случи сешто. Одредени сигнали ќе ве подготват. Број на инфилтрирани лица од опозицијата. Дали тие се вооружени? Слушајте го она што се кажува од страна на лицата во толпата. И набљудувајте го присуството на лица за обезбедување. Дали тие се вооружени со штитови, пендреци, митралези и солзавец? Дали тие очекуваат проблеми? Дали изгледаат нервозни? Немојте веднаш да носите заклучоци во однос на тоа како започнал проблемот, доколку настане изненадувачки метеж. Разговарајте со луѓето, можеби сте пропуштиле нешто или некој чин на провоцирање.








# ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Испитувањето на јавното мислење е заедничка карактеристика за повеќето избори. Тоа може да биде организирано од страна на медиумите, политичките партии или социјалните служби. Повеќето испитувања на јавното мислење кои се организирани од страна на медиумите се базирани на моделот на „трки": кој води, кој е последен? И честопати имаат претерана улога во покриеноста на кампањите.

Во основа, од новинарите се очекува да коментираат за испитувањата што се организирани од други. Според тоа, тие ќе имаат потреба од базично познавање на техниките за испитување на јавното мислење, со цел да се анализираат и соодветно да се протолкуваат податоците во врска со анкетата, а, исто така, и да се определат можните манипулации или погрешни толкувања.

# ЈАВНИОТ СЕРВИС И ИЗБОРИТЕ

Јавниот сервис  мора да ги информира сите граѓани. За време на предизборие, јавните сервиси мора да ѝ обезбедат на јавноста релевантни информации за граѓаните да можат да бидат информирани за опциите кои се нудат на изборите.

Посебно, јавните сервиси мора да обезбедат информации за:

- Политичките партии и кандидати кои учествуваат на изборите.
- Прашања кои се во основата на кампањата, вклучувајќи ги и материјалите од манифестите на партиите.
- Процесот на гласање и сите други информации кои ќе им помогнат на луѓето да учествуваат на изборите.

Јавниот сервис мора да е непристрасен.

Јавниот сервис мора да е урамнотежен и непристрасен во пренесувањето на вестите и информациите кои се однесуваат на изборите. Посебно

јавниот сервис треба да обезбеди програмските и информациските сервиси да бидат непристрасни во однос на ниедна партија или кандидат, но, исто така, треба да обезбеди еднаков пристап до медиумите за сите кандидати и партии кои учествуваат на изборите.

Јавните сервиси мора да бидат професионални.

Јавните сервиси мора да демонстрираат највисоки стандарди на новинарство и мора да обезбедат балансиран, прецизен и непристрасен начин на покривање на тековните настани, а истовремено владата мора да обезбеди и механизам за регулирање и мониторинг на програмите кои се емитуваат во врска со изборите.



# ПОВЕЛБА ЗА ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

На почетокот на 2016 година, на иницијатива на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), од најголем број претставници на највлијателни медиуми беше потпишана Повелба за етичко известување на изборите.[1] Во Повелбата, новинарите, уредниците и раководствата на медиумите се обврзуваат дека ќе ги почитуваат основните принципи на новинарската професија, почитувајќи го правото на јавноста да биде објективно, вистинито и навремено информирана и имајќи целосна одговорност и свесност за улогата на медиумите околу претстојните парламентарни избори.

## Принципи на вистинитост и објективност

Подразбира потрага по вистината и коректно известување, преку пренесување на фактите на јасен и недвосмислен начин. Во случај на објавување погрешни информации, медиумот ќе стори сè за да ги коригира таквите информации.

---

1 CEEM, 2016, Повелба за етичко известување на изборите: http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/204-2016-01-27-13-41-21

## Принцип на избалансираност

Подразбира претставување на различни ставови и гледишта во вистинскиот контекст и без заземање страна кон кој било кандидат, партија или коалиција.

## Принцип на јасна дистинкција меѓу информациите и коментарите

Подразбира дека информациите ќе се обликуваат на начин така што на публиката ќе ѝ биде јасна разликата меѓу фактите и гледиштата и мислењата.

## Принципи на чесност и независност

Подразбира дека медиумот ќе користи чесен пристап во добивањето информации и во нивното презентирање, избегнувајќи сензационалистички прикази на темите и настаните, како и погрешни претпоставки кои би можеле да ја доведат јавноста во заблуда.

## Принцип на професионална солидарност

Во својата работа медиумот ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да дејствува на начин што ќе значи пресметка со другите медиуми и колеги.

## Принцип на уредувачка независност и професионален интегритет

Медиумот се обврзува да известува на начин кој ќе биде независен од какви било лични гледишта, надворешни интереси и влијанија што би можеле да ја поткопаат уредувачката независност и професионалниот интегритет.

## Принцип на почит и толерантност

Подразбира почит на достоинството, угледот, правата и личниот интегритет на поединците во информирање на јавноста. Медиумот во своето известување нема да се служи со стереотипи, предрасуди и потценување по која било основа и нема да се служи со говор на омраза и потпалувачки говор.

## Принцип на слобода и одговорност

Подразбира дека слободата им наметнува одговорност на медиумите за формата и содржината на пораките кои ги упатуваат кон јавноста и последиците кои произлегуваат од нив врз поширокото општествено опкружување.

Потписниците на оваа Повелба се согласни дека ќе се придржуваат до нејзините принципи и активно ќе се залагаат за афирмирање на етиката и професионалноста во известувањето.

# КОДЕКС НА МЕЃУНАРОДНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА НОВИНАРИ

На Светскиот конгрес на Меѓународната федерација на новинари (МФН) во 1954 година, Меѓународната федерација на новинарите усвои Декларација за принципите на однесување на новинарите[2] (Кодекс на МФН), која е изменета на Светскиот конгрес во 1986 година.

Истата се определува како стандард за професионално однесување на новинарите кои се ангажирани во собирање, пренесување, ширење и коментирање вести и информации во опишување на настаните.

1. Почитувањето на вистината и на правото на јавноста да дојде до вистината е прва задача на новинарите;

2. Во согласност со оваа обврска, новинарот во секое време треба да ги брани принципите на слободата во текот на чесниот процес на собирање и објавување вести и на правото на фер коментар и критика;

---

[2] МФН, 2016, Declaration of Principles on the Conduct of Journalists: http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/

3. Новинарот ќе известува само во согласност со фактите на кои тој/таа им го знае потеклото. Новинарот не смее да потисне суштински податоци и да фалсификува документи;

4. Новинарот ќе користи само чесни методи за да добие вести, фотографии и документи;

5. Новинарот ќе стори сѐ за да ги поправи сите објавени информации кои се неточни и може да предизвикаат штета;

6. Новинарот ќе ја почитува професионалната доверливост во однос на изворот на информации;

7. Новинарот треба да биде свесен за опасноста од дискриминација што може да се поткрепи и од медиумите и треба да направи сѐ за да избегне да ја поткрепи таквата дискриминација, меѓу другото, врз основа на раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, политичко или друго мислење и национално или социјално потекло;

8. Новинарот ќе ги смета за сериозен професионален прекршок следниве работи: плагијати; малициозно лажно претставување; клевети, неосновани обвинувања; примање поткуп во каква било форма заради објавување или потиснување информација;

9. Новинарите кои се достојни да ја работат оваа професија ќе сметаат дека е нивна должност верно да ги почитуваат принципите наведени погоре. Во

рамките на општото право на секоја земја, новинарот ќе признае дека во стручните работи се надлежни неговите колеги, исклучувајќи секаков вид мешање од владите или од другите.



# КОДЕКСОТ НА НОВИНАРИТЕ И ИЗБОРИТЕ

Кодексот на новинарите на Македонија,[3] донесен на 14.11.2001 година, само во член 14 се осврнува на изборите:

„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти".

Овој член значи дека новинарите секогаш критички ќе ги следат политичките процеси, како и употребата и можната злоупотреба на политичката и економската моќ. Новинарите нема да прават пропаганда во корист на ниедна партија или политичка опција. Кога станува збор за соопштенија на политичка партија или други групи и организации, тоа треба јасно да биде назначено, а при редакциската обработка не смее да се извртуваат фактите, контекстот и смислата. Необјавувањето на некоја информација не смее да биде поврзано со идео-

[3] ЗНМ, 2001, Кодексот на новинарите на Македонија: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440

лошки или партиски причини. Другите членови на Кодексот на новинарите на Македонија, иако не ги спомнуваат изборите, се целосно употребливи за време на изборите.

Професионалните новинари при покривањето на изборите имаат ист вид одговорност како и при покривање на која било друга тема. Не постои посебна новинарска етика за изборите, туку истите професионални стандарди и начела кои важат при секојдневното работење важат и за изборите. Сепак, изборите секогаш се најголемиот тест за етиката на новинарите. Токму од овие причини секаде во светот професионалните здруженија на новинари подготвуваат вакви прирачници за покривање на изборите, а информативните редакции на медиумите ги обучуваат своите новинари за предизвиците на изборниот процес.

## Принципи на однесување на новинарите

Слободата на медиумите е неприкосновено право. Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија.[4] Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и имаат право да коментираат. Почитувајќи ги етичките

[4] Собрание на РМ, Устав на РМ: http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx

вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни. Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и да го спречат искривувањето на вестите. Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат во јакнењето на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

### Врз основа на овие принципи и етички вредности:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што тоа е можно;

2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, има право за тоа да ја информира јавноста;

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување исправка, демант и одговор, во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата;

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити;

5. Новинарот ќе ги почитува законите на државата, но нема да објави или да скрие што и да е во спротивност со јавниот интерес;

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или за прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспоиви со новинарската професија.

Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација;

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост;

8. Начинот на информирање, во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки, мора да биде ослободен од сензационализми.

Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите вклучени страни во спорот и да не се сугерира пресуда;

9. Новинарот не смее да интервјуира или да фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лицата со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат;

10. Новинарот нема свесно да создава, ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омраза и нема да поттикнува на насилство и на дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...);

11. Новинарот ќе се придржува и до општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните разлики во Македонија;

12. Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот;

13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот;

14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти;

15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста;

16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги;

17. Новинарот има право да одбие работна задача, доколку е во спротивност со принципите на Кодексот.

## Завршни одредби на Кодексот

Новинарите кои работат во согласност со Кодексот ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација. Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите, во однос на професијата, ќе го прифатат судот само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание. За почитување на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинари на Македонија.

# МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите (член 19 од Универзалната декларација за човековите права[5]).

Секое лице има право на слободно изразување, ова право без оглед на границите ја подразбира слободата на изнаоѓање, примање и ширење информации и идеи од сите видови во усна, писмена, печатена или уметничка форма, или на кој и да е начин по слободен избор (член 19 став 2 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права[6]).

---

5 ООН, 1948, Универзална декларација за правата на човекот: http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/

6 ООН, 1966, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права: http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Megjunaroden-pakt-za-gragjanski-i-politicki-prava.pdf

# МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА ИЗБОРИТЕ

**Во член 21 од Универзалната декларација за човековите права се гарантира и правото на секој граѓанин да учествува во управување на земјата и пристап до јавните служби преку слободни избори.**

Член 21 од Универзалната декларација за човековите права вели:

1. Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.

2. Секој има право на еднаков пристап кон јавните служби во неговата земја.

3. Волјата на народот ќе биде основата на власта, волјата на народот ќе се изразува на повремени и автентични избори, кои ќе се одржуваат со универзално и еднакво право на глас и со тајно гласање или според соодветните процедури на слободно гласање.

Член 25 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, пак, вели дека секој има право:

(а) да учествува во спроведувањето на јавните работи, непосредно или преку слободно избрани претставници/чки;

(б) да гласа и да биде избран на периодични, автентични избори, кои ќе бидат со универзално и еднакво право на глас и ќе се одржат со тајно гласање, се гарантира слободно изразување на волјата на избирачите;

(в) да има пристап, со општите услови на еднаквост, во јавните служби во неговата земја.



# МАКЕДОНСКА ПРАВНА РАМКА ЗА МЕДИУМСКО СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРИ

Улогата на медиумите во избори во Македонија е уредена со Изборниот законик. Законикот,[7] кој во неколку наврати беше изменет и дополнет, изборната кампања ја дефинира како јавно собирање и други јавни настани организирани од политички партии и независни кандидати. Кампањата опфаќа јавно истакнување на плакати и видеопрезентации на јавни места, изборно медиумско претставување, дистрибуција на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од Државната изборна комисија (ДИК). Странски правни и физички лица не можат да организираат ниту да учествуваат во изборна кампања. Според овој Законик, изборната кампања започнува 20 дена порано и престанува 24 часа пред денот на изборите.

[7] ДИК, 2016, Изборен законик на Република Македонија: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/

# МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите на следниов начин:

- за избор на претседател на Републиката, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати;
- за избор на пратеници во Собранието на РМ, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;
- за избор на градоначалник, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати;
- за избор на членови на советите на општините или на Град Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

Последните измени на Законикот предвидуваат за време на изборната кампања радиодифузерите кои ги покриваат изборите да можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на РМ можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на РМ кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на РМ можат да одвојат една минута.



# ОБВРСКИ НА МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРИТЕ

– Радиодифузерите, печатените медиуми и интернет-порталите се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. До започнување на изборната кампања, тие се должни најмалку двапати јавно да ги објават ценовниците на своите програми, односно во своите изданија.

– Печатените медиуми и интернет-порталите се должни ценовниците да ги достават до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите, а радиодифузерите да ги достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите. Ценовниците не смеат да се менуваат во текот на изборната кампања.

– Радиодифузерите се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вести, посебни информативни програми, бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање. Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување.

– Радиодифузерите се должни да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишување на изборите до нивното завршување, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по завршување на изборите.

– На барање од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерите се должни најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето на Агенцијата да ѝ достават снимки од бараната емитувана програма, како и други податоци поврзани со медиумското покривање на изборите.

– Медиумите во Република Македонија се должни на сите учесници на изборниот процес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање. Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено од другите содржини на медиумите. Во сите

облици на платеното политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен. Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање.

– Јавниот радиодифузен сервис е должен, без надоместок, во соработка со Државната изборна комисија, да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува други информации поврзани со изборниот процес.

– За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма, при што 30% од времето да емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на РМ.

– За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципите за избалансираност.

– Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии на најголемите по-

литички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборите.

– Собраниското канал во времетраење од по три часа ќе обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието на РМ, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на РМ.

– Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување" во текот на целото времетраење на емитувањето.

– Јавниот радиодифузен сервис во рок од 60 дена од денот на донесување на Изборниот законик донесува Правила за рамномерно политичко медиумско претставување,[8] во консултација со учесниците во изборниот процес и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и истите ги објавува на својата веб-страница.

## Медиумите и новинарите не смеат

– Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни инфор-

[8] МРТ, 2016, Правила за рамномерно политичко медиумско претставување: http://mrt.com.mk/node/28766

мативни програми, образовни и програми за деца и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани.

– Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање.

– Радиодифузерите не смеат да емитуваат бесплатно политичко претставување во своите програми од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

– Посебните информативни програми не смеат да се користат како облик на платено политичко рекламирање.

– Радиодифузерите, печатените медиуми и интернет-порталите, како и нивните поврзани лица не смеат на каков било начин да финансираат или да даваат донации на политичките партии.

– Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на Градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Собранискиот канал, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување.

– Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници. Доколку учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

– Од денот на распишување на изборите па сè до почеток на изборна кампања, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи.

– Од денот на распишување на изборите сè до нивното завршување, радиодифузерите и печатените медиуми и интернет-порталите не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на РМ, од буџетите на општините и на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

– Од денот на распишување на изборите до нивното завршување, известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на Градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни

и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања во програмите на радиодифузерите не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.



# ИЗБОРЕН МОЛК

За време на изборниот молк престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на учесниците во изборна кампања. И за време на изборниот молк радиодифузерите продолжуваат да известуваат за изборниот процес на денот на гласањето.

При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кое е отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето, како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

# ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ

Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот и вториот круг на гласање.

При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата која го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.

Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред затворање на избирачките места.

# МОНИТОРИНГ НА ПРИВАТНИТЕ МЕДИУМИ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето.

**Во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси,[9] усвоена од Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се констатира дека Агенцијата нема да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите,[10] бидејќи не постојат предуслови за тоа.**

---

9 АВМУ, 2016, Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси: http://www.avmu.mk/images/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

10 ООН, 1948, Универзална декларација за правата на човекот: http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/

Агенцијата е должна од денот на распишување на изборите да доставува седмични извештаи до Државната изборна комисија, а за време на изборната кампања дневни извештаи и истите да ги објавува на својата веб-страница.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од 48 часа по утврдување на прекршувања на одредбите од овој Законик, против радиодифузерот што ги повредил одредбите, да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.



# ПРАВИЛА КОИ ВАЖАТ САМО ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2016

## Привремена комисија

Правилата за медиумско претставување се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените парламентарни избори, кои ќе се одржат во 2016 година.

Во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се формира Привремена комисија за следење на медиумското претставување.

Мандатот на петте члена на Привремената комисија трае до завршувањето изборниот процес на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги постапува по предлозите на Привремената комисија и поведува постапка во согласност со Изборниот законик.

Привремената комисија веднаш ги добива извештаите за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Оценките за балансирано претставување од страна на радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва оваа Привремена комисија ги дава за период не покус од седум дена.

Ниту еден медиум или новинар не може да биде санкциониран за изразување на мислење.

Изразувањето на мислење мора да биде издвоено од веста.

Ниту еден медиум не може да биде затворен на предлог на Привремената комисија во постапка поведена во согласност со нејзините надлежностите утврдени со овој Закон.

## Глоби во намален износ

За непочитување на одредбите на Изборниот законик, Привремената комисија може да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд за казнување на радиодифузерите. Запретената глоба изнесува од 2250 до 4000 евра, додека казните за одговорното лице во медиумот се во износ од 30% од одмерената глоба за медиумот.

Доколку прекршокот е сторен за прв пат судот ќе изрече прекршочна санкција опомена.

Доколку прекршокот се повтори, судот ќе изрече глоба во износ утврден во законот.

## Уредник на информативната програма на МРТ

На предлог на политичката партија во опозиција со најголем број пратеници во Собранието на Република Македонија, а по претходна консултација со двете политички партии на власт со најголем број пратеници во Собранието на Република Македонија и политичката партија во опозиција со втор најголем број пратеници во Собранието на Република Македонија, од редот на експертите од областа се назначува уредник на информативната програма на Јавниот радиодифузен сервис.

Уредникот ја презема функцијата 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година

## Преодни одредби на Изборниот законик

До денот на одржување на предвремените избори за пратеници, радиодифузерите, печатените медиуми и интернет-порталите не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани

од Буџетот на РМ, од буџетите на општините и на Град Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Исто така, забрането е платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, печатените медиуми и интернет-порталите до денот на почетокот на изборната кампања.



Konrad
Adenauer
Stiftung


**Фондација Конрад Аденауер**
**Претставништво во Република Македонија**

Ристо Равановски 8
1000 Скопје

Тел: +389 2 3217 075
Факс: +389 2 3217 076
е-пошта: Skopje@kas.de

**Здружение на новинарите на Македонија**

Градски ѕид, блок 13
1000 Скопје

Тел: +389 2 3298 139
Факс: +389 2 3116 447
е-пошта: contact@znm.org.mk

Konrad
Adenauer
Stiftung

